ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

## СМЕТКА ЗА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ (787-19)

01 2018 03 05/2

**Скопје, мај 2019**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 17 |
| - Сметководствени политики | 18 - 20 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 20 - 25 |

Кратенки користени во извештајот:
ПЗУ – приватна здравствена установа
ГОБ – Градска општа болница
УК – Универзитетска клиника

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број: 17-330/13

Дата: 29.05.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за здравство на Република Северна Македонија на сметката на сопствени приходи за 2017 година.

Изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2017 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за наменското и законското користење на средствата на Министерството за здравство за 2012 година при што изразено е неповолно мислење во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи додека во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со законите и прописите изразено е мислење без резерва.

Со ревизијата за 2017 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година кој е даден како прилог кон овој извештај.

Воспоставена е пракса дејноста на министерството за здравство да се извршува преку сметката на основен буџет во 2017 година но потребата за дополнителни средства за финансирање на одредени активности а особено расходите во врска со програмите за здравствена заштита, набавка на медицинска опрема и изградба на капитални објекти се вршат и од оваа сметка.

Во делот на специфичните состојби утврдени за оваа сметка кои имаат материјално значење го утврдивме следното:

- Утврдени се состојби во делот на наплатата на приходите кои влијаат на можноста за потврдувањето на целосноста и точноста на реализираните приходи по основ на акцизи, игри на среќа, паркинг и лиценци.

- Евидентирани се побарувања во значителен износ за кои не се преземени соодветни мерки за наплата во законски предвидениот рок.

- Не е презентирана документација во врска со приемот, дистрибуцијата на лекови и медицински материјали до медицинските установи примателии на хуманитарна помош согласно одредбите од склучениот Меморандум со донаторот.

- Констатиравме одредени хронолошки недоследности во делот на изградба на два капитални објекти за потребите на здравствениот систем на земјата.

За утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за нивно надминување.
На ден 10.05.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за здравство на РСМ за сметките 637-10, 787-19 и 786-68 број: 17-330/1, 17-330/2, 17-330/3 и 17-330/4 од 04.04.2019 година, од министерот за здравство Доц. д-р Венко Филипче заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-330/9. На ден 13.05.2019 година добиен е писмен допис под број 22-3468/14 од 13.05.2019 година заведен во Државниот завод за ревизија под број 17-330/10 од 13.05.2019 година од министерот за здравство со кој го известува Државниот завод за ревизија дека претходно доставените забелешки на Нацрт извештаите за сметките 637-10, 787-19 и 786-68 ги повлекува.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 15 и 16 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за здравство на Република Македонија (во натамошниот текст МЗ) на сметката за сопствени приходи 787, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на МЗ за 2012 година и изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на МЗ застапувано од:

- Никола Тодоров, министер за здравство од 28.07.2011 година до 30.05.2017 година;
- Д-р Арбен Таравари, министер за здравство од 31.05.2017 година до 15.11.2017 година;
- Д-р Гоце Чакаровски, заменик министер за здравство од 16.11.2017 година до 24.12.2017 година
- Д-р Венко Филипче, министер за здравство од 25.12.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

1.5. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.09.2018 година до 31.12.2018 година кај Министерството за здравство од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР во 2012 година. Во Прилог 1 кон овој извештај, дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 19.02.2019 година.
На ден 10.05.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за здравство на РСМ за сметките 637-10, 787-19 и 786-68 број: 17-330/1, 17-330/2, 17-330/3 и 17-330/4 од 04.04.2019 година, од министерот за здравство Доц. д-р Венко Филипче заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-330/9. На ден 13.05.2019 година добиен е писмен допис под број 22-3468/14 од 13.05.2019 година заведен во Државниот завод за ревизија под број 17-330/10 од 13.05.2019 година од министерот за здравство со кој го известува Државниот завод за ревизија дека претходно доставените забелешки на Нацрт извештаите за сметките 637-10, 787-19 и 786-68 ги повлекува.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1.Во врска со реализацијата на расходите по програмите за здравствена заштита евидентирани на оваа сметка констатирани се состојби кои се презентирани во

точките 4.1.1. и 4.3.1 од извештајот за сметката на основен буџет.

4.1.2. Со одредбите на член 16 од Законот за здравствена заштита на граѓаните им се загарантирани одредени права од областа на здравствената заштита, при што финансирањето на овие права се врши со средства од буџетот на Република Северна Македонија но и дел од акцизите од одреден производи. Во исто време здравствената заштита се финансира и со средства утврдени во одредбите на член 89 и 94 од Законот за игрите на среќа и забавните игри. Со извршената ревизија на презентираните податоци во деловните книги и финансиските извештаи за остварените приходи по овој основ како и за приходите по основ на издавање на лиценци на ПЗУ, закуп на деловен простор на ПЗУ, изнајмен паркинг простор на град Скопје, испорачани услуги кон други правни субјекти и побарувањата од купувачите во земјата ревизијата ги утврди следните слабости и неправилности и тоа:

- Ревизијата имаше ограничување во потврдувањето на целосноста и точноста на наплатените приходи по основ на акцизи, игри на среќа, паркинг и лиценци во вкупен износ од 719.707 илјади денари поради следните состојби:
  - Не е воспоставена пракса одговорните лица на министерството да преземаат дополнителни активности за обезбедување на потребните податоци и информации за пресметаните и уплатени средства со правните лица кои имаат законска обврска месечно да пресметуваат и уплатуваат дел од остварените приходи од акцизи и паркинг на сметката на министерството, со цел да потврдат дали остварените приходи се во соодветен износ согласно утврдените одредби од Законот за здравствена заштита и склучениот договор со Град Скопје;
  - поради непоседување информации колку приредувачи на игри на среќа се регистрирани на територијата на РМ и немањето податоци за „разликата меѓу уплатениот износ од сите автомати и исплатениот износ од сите автомати[1]“, надлежните лица во МЗ немаат податоци за висината на средствата кои се потребни да бидат пресметани и уплатени во корист на МЗ согласно одредбите на член 89 и 94 од Законот за игри на среќа и забавни игри и
  - поради невоспоставена евиденција на склучени договори со ПЗУ за давање лиценци и неостварени контакти со ФЗОМ за префрлените приходи на ПЗУ, министерството не поседува информации дали сите ПЗУ имаат извршено уплата на сметката на министерството на име месечен надомест за лиценца за вршење на здравствена дејност кој согласно член 231 став 9 од ЗЗЗ е приход на МЗ.
- Испорачана е топлинска енергија и технолошка пареа на четири правни лица без притоа одговорните лица во министерството да преземат активности за склучување на договор со истите, да извршат фактурирање, сметководствено

[1] Опрема за приредување игри на среќа;

евидентирање и наплата на дадените услуги. Започнувајќи од 2015 година до денот на вршење на ревизијата побарувањата по овој основ изнесуваат 10.921 илјади денари. Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи, член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 10 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбите во Билансот на состојба и влијание на висината на остварените приходи;

- Во деловните книги на МЗ на 31.12.2017 година евидентирани се побарувања од купувачи во вкупен износ од 127.735 илјади денари. Истите се однесуваат по основ на неплатен закуп на простор од една ПЗУ во висина од 49.045 илјади денари и извршена испорака на природен гас до ЈЗУ во висина од 78.690 илјади денари. Утврдивме дека во овој износ побарувањата чија старосна структура е над три години учествуваат во износ од 38.027 илјади денари и за истите на ревизијата не и се презентирани податоци за преземените мерки за нивна наплата. Наведената состојба не е констатирана од страна на пописната комисија, што не е во согласност со одредбите на Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Погоре наведените состојби предизвикуваат несигурност во комплетноста на остварените приходи, искажаните побарувања по овој основ но и помалку реализирани средства за активностите утврдени согласно закон за давање здравствена заштита на граѓаните.

**Препорака**

Одговорните лица на МЗ да ги преземат потребните активности за надминување на утврдените состојби и тоа:

- да се преземат активности за навремено обезбедување на потребните информации и податоци за пресметаните и уплатените средства од правните лица кои имаат законска обврска да пресметуваат и уплатуваат средства во корист на МЗ согласно закон или склучен договор;
- да се воспостави соодветна евиденција на склучени договори со сите ПЗУ и приредувачи на игри на среќа и да се следат нивните уплати;
- да се преземат активности за склучување на договор за уредување на меѓусебните права и обврски со сите правни лица корисници на топлинска енергија и технолошка пареа;
- да се воспостави пракса на редовно фактурирање на испорачаните/дадените услуги и да се преземат мерки за нивна редовна наплата;
- да преземат мерки и активности за утврдување на фактичката состојба на побарувањата, да се утврдат причините за нивната застареност и предложат мерки за понатамошно постапување.

4.1.3. Согласно презентираните информации, МЗ располага со четири меѓународни деловни бизнис картички кои се користат од страна од одговорните лица во

периодот во кој ја вршеле функцијата. Во врска со ова утврдивме дека во текот на 2017 година со користење на овие картички реализирани се расходи во износ од 450 илјади денари. Со извршената ревизија на начинот на уредување на начинот на нивното користење, обезбедување уредни и веродостојни докази за потврдување на настанатите трансакции и нивно презентирање во деловните книги ги констатиравме следниве состојби:

- Не е изготвен интерен акт со кој би се утврдил начинот на користење на наведените картички, во кој би се утврдиле прецизни упатства за видот на расходите за кои може таа да се користи, начинот на правдање на трошоците со цел обезбедување на законско и наменско користење на овие парични средства;
- Корисниците на бизнис картичката не приложиле поткрепувачка документација за настанатите трошоци (фискални сметки/фактури), поради што ревизијата не беше во можност да ја потврди оправданоста на извршените плаќања;
- Евидентиран е износ од 138 илјади денари на не раздолжени побарувања кон вработени врз основа на користење на бизнис картиците и истите се однесуваат за лица кои веќе не работат во Министерството.

Не воспоставената сметководствена евиденција, како и извршените плаќања врз основа на некомплетна документација не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 12 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Утврдените состојби претставуваат можен ризик за несоодветно користење на средствата.

**Препораки**

Одговорното лице во МЗ да преземе активности;

- за пропишување на интерен акт со кој ќе се уреди правото, начинот и намената на користење на наведените картички;
- за утврдување облигаторна обврска за приложување на уредни и веродостојни докази за настанатите трансакции и нивно евидентирање во деловните книги;
- да ги задолжи корисниците на наведените картички во претходниот период да ги обезбедат потребните докази / документи или изврши нивно задолжување;
- да преземат активности за наплата на побарувањата кои се однесуваат на користење на бизнис картици од лица кои веќе не се во редовен работен однос во министерството.

4.1.4. Во деловните книги на министерството за здравство на сметка горива и масла искажани расходи во износ од 3.366 илјади денари. Со извршената ревизија на начинот на доделување на договорите за јавните за набавка на нафтени деривати и начинот на користење на нафтените деривати, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- од приложените спецификации кон фактурите, констатиравме дека се точени нафтени деривати во моторни возила во износ од 324 илјади денари за кои не ни беше презентиран доказ дека моторните возила се во сопственост на МЗ;
- преземени се обврски за набавка на нафтени деривати во износ од 3.389 илјади денари без да биде спроведена постапка за јавна набавка

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за јавни набавки. Утврдената состојба предизвикува ризик во однос на почитување на основните начела на ЗЈН (конкуренција, еднаква положба на економски оператори, транспарентност и рационално и ефикасно користење на средствата) и соодветно користење на јавните средства.

**Препорака:**
Одговорното лице да обезбеди воспоставување на ефикасни интерни контроли кои ќе обезбедат направените расходи по овој основ да се прават исклучиво за возила во сопственост на МЗ и за службени потреби.
Одговорното лице да преземе активности со кој ќе обезбеди целокупните потреби од стоки работи или услуги да ги врши по пат на ДДЈН согласно важечките законски и подзаконски акти.

## 4.2. **Користење на средствата согласно законски прописи**

4.2.1. За набавка на изградба на бункер за поставување на линеарен акцелератот за потребите на ЈЗУ ГОБ 8 - ми Септември спроведена е отворена постапка и склучен е договор на 03.10.2016 година во износ од 38.121 илјади денари.
По извршен увид во начинот на кој е спроведена постапката како и нејзината реализација ги констатиравме следните состојби:

- обезбедено е Одобрение за градба со правосилност дваесет дена по склучување на договор за доделување на договорот за јавна набавка односно на 21.10.2016 година
- согласно одредбите од договорот рокот на изведба на објектот е 5 месеци, односно до крај на месец март 2017 година. По истекот на рокот министерството не преземало мерки за продолжување на рокот односно склучување на анекс на основниот договор. По истекот на рокот за изведба Изведувачот продолжил со градежните активности, доставил 5 и 6 Времена ситуација кои се однесуваат за активности извршени во месец Јули и Август 2017 година во вкупен износ од 7.389 илјади денари, истите се признаени и платени од страна на министерството.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и член 6 од Договорот и создава ризик во делот на нарушување на начелата на ЗЈН при доделувањата на Законот за јавни набавки,

оневозможување на користење на опремата во утврдените рокови и навремено и квалитетно давање услуги на граѓаните.

**Препорака**

Одговорното лице во министерството да ги задолжи лицата одговорни за подготвување на тендерската документација да ги утврдат реалните рокови за изведба на работите, нивно утврдување во договорите и обезбедување на доследно почитување.

Одговорното лице во услови на утврдување на потребата на доуредување на меѓусебните права и обврски согласно законските и подзаконските акти да пристапи кон склучување на анекс кон основниот договор.

4.2.2. За набавка на Изведба на градежно и градежно занаетчиски работи од страна на Министерството за здравство за ЈЗУ УК по Хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје на 24.02.2016 година доделен е договор за јавна набавка во износ до 147.500 илјади денари и склучен е еден анекс на договорот за продолжување на рокот на градба. По извршен увид во начинот на кој е спроведена постапката како и нејзината реализација ги констатиравме следните состојби:

- Пристапено е кон доделување на договор за јавна набавка на 24.02.2016 година додека Одобрението за градење е обезбедено седум месеци подоцна односно на 02.09.2016 година, со правосилност од 19.09.2016 година. Ваквото постапување создава ризици во делот на правните последици кои ќе произлезат од склучениот договор доколку договорниот орган не обезбеди Одобрение за градење и ризици за пролонгирање на роковите за изградба по обезбедувањето на Одобрението за градење по спроведувањето на постапката. За ваквата состојба не се запознаени економските оператори и постои можност да не поднесат понуда бидејќи сметаат дека нема да го испочитуваат рокот на градба со што се намалува конкуренцијата при спроведувањето на постапките за ЈН.
- Поради доцнење со изведбата на работите на барање на изведувачот склучен е Анекс на основниот договор на 30.05.2017 година за продолжување на рокот на изведба од 6 месеци на 12 месеци. До денот на вршење на ревизијата градежно – занаетчиските работи во објектот не се завршени бидејќи договорниот орган не му обезбедил соодветни услови за работа на Изведувачот односно персоналот на здравствената установа не ги ослободило просториите во објектот за изведувачот да ги заврши започнатите градежни работи.

Утврдените состојби предизвикуваат несоодветно постапување во делот на ДДЈН, завршување на работите на законски утврдените рокови, создавање на подобри услови за давање на здравствена заштита на граѓаните.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат мерки за навремено

обезбедување на потребната документација при градба на објекти, создавање на неопходните услови за навремено и квалитетно изведување на градежните работи во установата.

**4.2.3** Во текот на 2017 година вршени се исплати за набавка на опрема и изградба на капитални објекти и преку оваа сметка за кои се констатирани одредени состојби наведени во извештајот за сметката за основен буџет во точката 4.4.

4.2.3.МЗ во 2008 година има склучено Меморандум за разбирање за обезбедување и дистрибуција на лекови и медицински материјали кои со Анекси е продолжен до јануари 2017 година, а се однесува на транспорт и испорака на хуманитарна помош во форма на лекови и медицински материјали до крајните корисници/приматели (не се дефинирани). Со меморандумот е уредено на давателот на донацијата МЗ да му исплати 15.000$ по пратка за покривање на логистички/административни трошоци[1]. Исто така МЗ се обврзува да ги преземе сите трошоци поврзани со приемот и испораката како и да обезбеди целосна документација во врска со дистрибуцијата на донираните лекови и медицински материјали на установите кои се приматели.
Со извршениот увид во презентираната документација со која располага МЗ, ревизијата утврди:

- Во 2017 година платени се 3 фактури, примени во 2014 година во вкупен износ од 2.444 илјади денари за покривање на логистички / административни трошоци на пратки. Кон фактурите приложени се спецификации за пратките со податоци за испорачаните лекови и медицински материјали со вкупна вредност од 3.327.273 $ или приближно 180.734 илјади денари за кои не се презентирани договори за донација ниту се обезбедени документи за потеклото и увозот на истите.
- Не е презентирана документација во врска со приемот, дистрибуцијата/испораката на лекови и медицински материјали до медицинските установи приматели ниту за сигурно и безбедно складирање на истите. На ревизијата не и се презентирани податоци кои се крајните корисници на наведената хуманитарна помош и во исто време ограничен е делокругот на ревизијата во делот на потврдување на одредбите на Меморандумот во делот на улоги и одговорности на МЗ кое има обврска "да се осигури дека лековите и медицинските материјали нема да бидат продадени или повторно извезени во некоја друга земја за која донацијата од Проект Хопе не е наменета"

Горенаведеното не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Меморандумот за разбирање за обезбедување и дистрибуција на лекови и медицински материјали и истото влијае на рационално искористување на

[1] Воден сообраќај, патен сообраќај- превоз на стоки и останати услуги поврзани со трговија.

донираните средства како и на оправданоста на потрошените средства на име логистички/административни трошоци.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе активности:

- Склучување на договор за донација за уредување на меѓусебните права и обврски;
- Обезбедување на уредни и веродостојни докази за исплата на средствата и нивно евидентирање во деловните книги;
- За уредување на начинот на прием, складирање и испорака на донираните средства и целосна документација за потврдување на истите;
- Уредување на критериумите за крајните корисници на донираните средства (лекови и медицински материјал).

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 4.1 и 4.2 кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- не преземени активности за обезбедување на потребните податоци и информации за потврдување на комплетноста на приходите;
- Не преземени активности за утврдување на старосната структура на побарувањата и мерки за нивна навремена наплата;
- Не се преземени мерки за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу министерството и одредени крајни корисници на услугите и фактурирање на испорачаните услуги;
- Евидентирање на трансакции во деловните книги без да се обезбедат уредни и веродостојни документи;
- Уредување на меѓусебните права и обврски со потенцијалните донатори и утврдување на критериуми за начинот на доделување на лекови и медицински материјал;
- Слабости во делот на доделување на договорите за јавни набавки и нивната практична имплементација при изградба на капитални објекти за потребите за здравствениот систем во РСМ.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките, 4.1.1 до 4.1.5 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за здравство на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за

годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за здравство не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

6.1. Согласно Закон за данокот на добивка, обврзник на данокот е правно лице резидент во Република Македонија кој остарува добивка од вршење на дејност во земјата и странство и тоа како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи. Утврдувањето и плаќањето на данокот на добивка се врши врз основа на образецот ДБ - даночен биланс кој е прилог на годишната сметка. Во насока на појаснување и начинот на пополнување на ДБ за буџетските корисници од страна на Управата за јавни приходи добиено е мислење дека корисниците на буџетските средства не се обврзници на данокот на добивка за средствата кои ги добиваат од Буџетот на Република Македонија и истите не се предмет на оданочување односно не влегуваат во даночната основа на која се пресметува и плаќа данокот на добивка.
Министерството во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2017 година има искажано вишок на приходи над расходи средства во износ од 75.095 илјади денари како финансиски резултат за тековната година и за истиот има пресметано данок на добивка од 10% или 7.509 илјади денари. Истовремено во даночниот биланс искажани се платени аконтации во даночниот период и износ на повеќе платен данок од претходните години во вкупна вредност од 14.863 илјади денари поради што е пресметан повеќе платен данок на добивка во износ од 7.353 илјади денари.
Имајќи предвид дека приходите на Министерството се остваруваат како сопствени приходи и по основ на јавни давачки[2], укажуваме дека искажаниот вишок на приходи над расходи на крајот на пресметковниот период претставуваат неискористени парични средства кои се пренесуваат во наредната година и како такви не би требало да имаат третман на даночна основа. Воспоставената пракса за утврдување на даночна основа, пресметување и плаќање на данок на добивка влијае на намалување на вишокот на приходи над расходи за износот кој треба да се издвои за плаќање на даночната обврска и намалување на расположливите средства за задоволување на потребите на граѓаните од областа на здравствената заштита.
За надминување на наведената состојба потребно е Министерството да се обрати до Управата за јавни приходи за начинот на постапување и практична примена на одредбите на Законот за данокот на добивка и поврат на платените средства на име данок на добивка.

[2] Акцизи, даноци од игри на среќа и др.

Наведеното упатува на потребата од преиспитување и допрецизирање на одредбите од Законот за данокот на добивка во делот на обврската за плаќање на данокот од страна на корисниците на буџетските средства.

6.2. Констатиравме дека се раскинати три договори за специјализација согласно кои се исплатени 2.500 илјади денари, од кои два се спогодбено, а еден со решение донесено од страна на надлежниот министер, при што одлучено е специјализациите на лекарите да продолжат во ЈЗУ во Р. Македонија. Од страна на МЗ не добивме уверување дека е постапено во оваа насока и лицата продолжиле со специјализацијата во РМ. Со оглед на ова имаме обврска да известиме дека постои можност од активирање на член 7 од Договорите за специјализација со кои се регулирани активностите кои се преземаат во случај на предвремено напуштање на специјализација од страна на кандидатите, односно наплата на исплатените средства од страна на МЗ кон специјализантите.

| | | |
|---|---|---|
| **Министерство за здравство** | | |
| **Сметка за сопствени приходи (787-19)** | | |
| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година | | |
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 615.663 | 617.644 |
| Неданочни приходи | 151.988 | 99.154 |
| Трансфери и донации | 33.630 | 132.277 |
| **Вкупно приходи** | **801.281** | **849.075** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 484.413 | 516.780 |
| Субвенции и трансфери | 8.242 | 40.960 |
| **Вкупно тековни расходи** | **492.655** | **557.740** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 234.725 | 257.738 |
| **Вкупно капитални расходи** | **234.725** | **257.738** |
| **Вкупно расходи** | **727.380** | **815.478** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **73.901** | **33.597** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **73.901** | **33.597** |

**Министерство за здравство**
**Сметка за сопствени приходи (787-19)**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 74.122 | 33.630 |
| Побарувања | 127.736 | 105.270 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 31.428 | 31.147 |
| Побарувања од државата и други институции | 2.453 | 8.839 |
| Активни временски разграничувања | 206.574 | 247.653 |
| **Вкупно тековни средства** | **442.313** | **426.539** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства во подготовка | 655.885 | 471.391 |
| **Вкупно постојани средства** | **655.885** | **471.391** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **1.098.198** | **897.930** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 206.542 | 246.820 |
| Обврски спрема државата и други институции | 32 | 833 |
| Пасивни временски разграничувања | 891.624 | 650.277 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.098.198** | **897.930** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **1.098.198** | **897.930** |